# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Агенцијата за електронски комуникации **поттикнува конкуренција** во обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи, услуги и придружни средства и **придонесува за развојот на Европскиот пазар**, промовирајќи ги **интересите на граѓаните** и применувајќи ги регулаторните начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност.

Агенцијата за електронски комуникации ги **штити интересите на корисниците**, преку обезбедување на **електронски комуникациски услови со најдобар квалитет и по најповолни цени**.

Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон **зголемување на задоволството на корисниците** преку **воспоставување на побрз, поефикасен, поефтин и поквалитетен начин со поедноставни постапки да ги остваруваат своите права**.

Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон **континуирано унапредување на развојот на комуникациските технологии** и постојано **следење на светските трендови од доменот на електронските комуникации**.

Агенцијата за електронски комуникации развива **партнерски односи со давателите на електронски комункации** во насока на **регулирање на пазарот на електронски комуникации на систематски начин**.

Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во работењето**, со цел обезбедување на **високо квалитетни електронски комуникациски услуги**.

Агенцијата за електронски комуникации спроведува **идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.

Агенцијата за електронски комуникации се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран персонал.**

Агенцијата за електронски комуникации е посветена на исполнување на применливите барања на меѓународниот **стандард ISO 9001:2015 и е посветена на континуирано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет.**

Политиката за квалитет е соодветна на целта и контекстот на Агенцијата за електронски комуникации и овозможува рамка за поставување на цели за квалитет.

Скопје,

Наш број 2206-46/2
Скопје, 02.02.2021

Директор
Jeton Akiku